Уп. Бр.08-125/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на друштвото ПОДРАВКА АГРИ д.о.о., со регистрирано седиште на Анте Старчевиќа 32, Копривница, Република Хрватска преку Методија Велков, Адвокат во Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на ПОДРАВКА АГРИ д.о.о., со регистрирано седиште на Анте Старчевиќа 32, Копривница, Република Хрватска над друштвата БЕЉЕ плус д.о.о., со седиште на Светог Ивана Крститеља 1а, Дарда, Република Хрватска, ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска, ВУПИК плус д.о.о., со седиште на Сајмиште 113Ц, Вуковар, Република Хрватска, Енергија Градец д.о.о., со седиште на Људевита Посавског 5, Сесвете, Загреб, Република Хрватска, БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о., со седиште на Кокинград 4, Меце, Дарда, Република Хрватска и ФЕЛИКС плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.08.2024 година, а дополнето на 23.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ПОДРАВКА АГРИ д.о.о., со регистрирано седиште на Анте Старчевиќа 32, Копривница, Република Хрватска, со која ПОДРАВКА АГРИ д.о.о. ќе стекне самостојна контрола над друштвата БЕЉЕ плус д.о.о., со седиште на Светог Ивана Крститеља 1а, Дарда, Република Хрватска, ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска, ВУПИК плус д.о.о., со седиште на Сајмиште 113Ц, Вуковар, Република Хрватска, Енергија Градец д.о.о., со седиште на Људевита Посавског 5, Сесвете, Загреб, Република Хрватска, БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о., со седиште на Кокинград 4, Меце, Дарда, Република Хрватска и ФЕЛИКС плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПОДРАВКА АГРИ д.о.о.** е со примарна дејност управувачки активности на холдинг друштвата и е во целосна сопственост на Подравка д.д.

Подравка д.д., е основана во 1947 година и е една од водечките компании во Југоисточна, Централна и Источна Европа. Примарната дејност на Подравка д.д. е поделено на две деловни единици, храна и фармацевтски производи. Во сегментот на прехранбени производи, Подравка се занимава со производство, маркетинг и дистрибуција (трговија на големо) на бројни прехранбени производи наменети за секторот за малопродажба на намирници, а во помала мера за секторот за прехранбени услуги (угостителство). Во сегментот на фармацевтски производи, Подравка (преку своето зависно друштво Белупо д.д.) се занимава со производство и дистрибуција (на големо) на бројни фармацевтски производи, вклучувајќи лекови на рецепт, производи што се издаваат без рецепт и други продажби. Друштвото е маргинално присутно и на пазарот за производство на електрична енергија. Како голем потрошувач на енергија, друштвото се стреми да ја намали потрошувачката и трошоците и да придонесе за одржливост на своето работење.

ПОДРАВКА АГРИ д.о.о. е друштво основано во јули 2024 година како друштво за посебна намена од страна на Подравка д.д. со цел стекнување на 100% удел во секое од Целните Друштва. Намерата на основачот (Подравка д.д.) е ПОДРАВКА АГРИ покрај тоа што ќе биде стекнувач на Целните Друштва, ПОДРАВКА АГРИ да ја задржи сопственоста и контролата врз Целните Друштва и по првичното стекнување и да работи како холдинг компанија.

Во Република Северна Македонија, Подравка има едно регистрирано директно зависно друштво:

– Друштво за трговија и услуги ПОДРАВКА ДООЕЛ Петровец, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со регистрирано седиште на ул. 9 бр.4, кат 7, Мултифу./Инд. Зона – Ќојлија ЌОЈЛИЈА, Петровец. Регистрираната дејност на ПОДРАВКА ДООЕЛ Петровец е 46.39 – Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун.

Исто така, во Република Северна Македонија, Подравка има и едно регистрирано индиректно зависно друштво:

– Друштво за трговија и услуги БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со регистрирано седиште на Булевар 3-та Македонска бригада бр.68, Скопје. Регистрираната дејност на БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје е 46.46 – Трговија на големо со фармацевтски производи.

Посебна карактеристика на друштвата кои се стекнуваат (во понатамошниот текст: целни друштва), е вертикалната интеграција во рамките на групацијата (Агри Група) и во рамките на компанијата продавач, Фортенова Група д.д., од производство на суровини (примарни земјоделски производи) до продажба (на големо и мало) на готови прехранбени производи. Друштвата од Агри Групата - Беље плус д.о.о., Пик Винковци плус д.о.о., Вупик плус д.о.о., Беље Агро - Вет плус д.о.о., Енергија Градец д.о.о. и Феликс плус д.о.о. работат во 11 вертикално интегрирани земјоделски и прехранбени сегменти и заедно претставуваат едни од водечките друштва кои се занимаваат со земјоделство во Хрватска.

**БЕЉЕ плус д.о.о.** е со регистрирана дејност А0111 - Одгледување на житарки (освен ориз), мешунки и маслодајни семиња. Друштвото исто така е активно и во сточарството, вклучително и одгледување свињи и говеда, полјоделство, одгледување на посеви, одгледување домати во стаклени градини, лозарство и производство на вино.

**ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о.** е друштво чии главни активности се полјоделство, одгледување и складирање зеленчук, како и сточарство, вклучително и одгледување свињи и говеда.

Главните активности на **ВУПИК плус д.о.о.** вклучуваат свињарство, земјоделство и градинарство, сточарство, лозарство и производство на вино. Како дел од Вупик, постои и претоварно пристаниште кое работи на две локации: силос Дунав Вуковар и силос Бобота.

Основната дејност на **Енергија Градец д.о.о.** е производство на електрична енергија од обновливи извори, односно истата произведува електрична енергија од биогас преку 5 постројки за биогас во Република Хрватска. Регистрираната дејност на друштвото е Д3514 – Трговија со електрична енергија.

Основната дејност на **БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о.** е давање ветеринарно-медицински услуги, вршење стручен надзор и давање стручни совети.

**ФЕЛИКС плус д.о.о.** е со регистрираната дејност G4621 - Трговија на големо со житарки, суров тутун, семиња и добиточна храна. Друштвото се занимава и со обработливо земјоделство и управува со земјоделско земјиште.

Од погоренаведените целни друштва, единствено БЕЉЕ плус д.о.о. е активно на локалниот пазар во Република Северна Македонија каде го продава млечниот намаз АБЦ крем сир. Останатите друштва не се активни на локалниот пазар и не остваруваат приходи.

Ниту едно од целните друштва, нема регистрирани зависни друштва или подружници во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**